9. 11. 2009

Creativity and Innovation European Year 2009

REPUBLIKA SLOVENIJA MINISTRSTVO ZA VISOKO ŠOLSTVO, ZNANOST IN TEHNOLOGIJO

REPUBLIKA SLOVENIJA MINISTRSTVO ZA ZUNANJE ZADEVE

kultura republika slovenija ministrstvo za kulturo

IZUM Institut informacijskih znanosti, Maribor, Slovenija

# МИНИСТЕРСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

## за информациската инфраструктура на науката, образованието и културата

## COBISS 2009

11 и 12 ноември 2009, Конгресни центер Хабакук, Марибор, Словенија

### Општа рамка

Во време на претседавањето со ЕУ, Словенија посебно го истакнуваше значењето на синергијата на науката, образованието и културата за перманентен развој, а тој пристап го потврди и во практика. Значајна улога во тоа имаат библиотеките, но само под услов во рамките на ефикасен библиотечно-информациски систем да бидат поддржани со современа информациско-комуникациска технологија (ИКТ). Таков систем (COBISS – Кооперативен online библиографски систем и сервиси) веќе четвртина век развива и одржува ИЗУМ (Институт за информациски науки) од Марибор, кој за него доби високи стручни оценки на меѓународен план. Карактеристика на системот COBISS е интегрирано мрежно задоволување на специфичните потреби на различни кориснички групации за библиографски информации, заради што се потврди како универзален библиотечно-информациски систем. Освен вообичаеното библиотечно работење, тој поддржува и транспарентност на резултатите од истражувачката дејност, евалуација на истражувачката дејност, хабилитациски постапки во високото образование, прегледи на уметничката продукција, исплата на надомест на авторите на литерарни дела, образовни програми итн.

Своето технолошко знаење (know-how) ИЗУМ го нуди уште од почеток и на другите држави во регионот на Западен Балкан. Националните библиотечни системи, засновани врз платформата COBISS, се поврзани во една од најголемите европски регионални библиотечни мрежи под името COBISS.Net. Проектот COBISS.Net истовремено е и значаен составен дел од развојната соработка на Република Словенија во регионот.

За разлика од оние што нудат само поддршка за автоматизација на библиотеките, ИЗУМ е насочен кон договори и заедничка реализација на национални библиотечно-информациски системи врз платформата COBISS. Зради тоа не може да се избегне соработката, како со надлежните ресори во секоја држава, така и со националните библиотеки. Конференциите COBISS се составен дел од таквите договори и соработка.

**Причини**

Европа се определи за единствен истражувачки и високообразовен простор, како и за концептот на мултикултуралност, што значи дека е потребно да се обезбеди и непречен проток на информации. Библиотечните мрежи во тој поглед имаат посебно значење, не само како ризници на изминатото творештво, туку и како основа за транспарентност на тековните достигнувања во истражувачката, образовната и културната дејност. Ниту еден дел од Европа не смее да биде издвоен од таа размена на информации, па затоа е потребно да се посвети посебно внимание на регионите кои од различни причини доцнат со модернизацијата на своето библиотекарство. COBISS.Net веќе поврзува значаен дел од библиотекарството во регионот на Западен Балкан и претставува реална можност за негово вклучување во европските и глобалните библиотечни мрежи, посебно кога има соодветна поддршка од владите и од ЕУ. Треба да се биде свесен за фактот дека без обезбедена транспарентност практично веќе не е можно да се учествува во програмите на размена и мобилност на подрачјето на науката, образованието и културата. Заради тоа Република Словенија уште пред неколку години во проектот COBISS.Net виде многу значајна регионална иницијатива, па во рамките на меѓународната развојна соработка го софинансира со значајни средства.

**Цели**

Главна цел на конференцијата е продлабочување на сознанијата за повеќестраното значење на достапноста на информациите за творечките потенцијали на сопственото општество – во науката, образованието и културата – како основа за реално насочување на општествениот развој и размена на искуствата во градењето и функционирањето на библиотечно-информациските системи и информациските системи за истражувачката дејност. COBISS.Net е всушност тековен проект, така што конференцијата е истовремено можност тој и да се оцени. Посебно е добредојден дополнителниот поттик за развој на националните информациски системи за тековно следење на резултатите од истражувачката дејност, кои во многу држави се сè уште во повој и поттикнувањето на нивниот развој е услов за извршување на објективни евалуации во истражувачкиот и високообразовниот сектор.

**Содржина на конференцијата**

Конференцијата COBISS 2009 ќе се одржи во Марибор на 11 и 12 ноември и содржински ќе биде вклучена во контекст на Европската година на творештвото и иновациите. Конференцијата ќе има министерско значење, посебно во обработката на достапноста до информациите за истражувачките потенцијали и резултатите од истражувачката работа за соработка во регионот. Станува збор за витална тема во времето на излегување од економска рецесија, кога сите држави се вртат кон знаењето и науката, при што од пресудно значење е целосниот и ажурен преглед на сопствените потенцијали на знаењето. Панелот за таа тема би требало да покаже дека во рамките на интегрираните библиотечно-информациски системи COBISS и информациските системи за истражувачката дејност SICRIS/E-CRIS можеме да обезбедиме ефикасна поддршка и алатки за таа цел. При тоа јасно е дека иновативниот придонес на истражувачката дејност е само дел од најширокото културно творештво на една средина и дека ширењето на хоризонтот на духот со уметноста е битно и за науката и за продор на развојот воопшто. Библиотеките собираат документи од сите области на творештвото и доколку се соодветно поддржани со ИКТ можат да понудат и ажурен преглед на таа страна од животот на заедницата. На тоа прашање ќе биде посветен вториот панел од конференцијата на кој очекуваме многу компетентни соговорници. Програмата на другиот ден од конференцијата во целост ќе биде посветен на теми од библиотекарството, при што ќе учествуваат угледни странски и домашни стручни лица.

# Прелиминарна програма

| Вторник, 10. ноември | |
|---|---|
| 18.00 | Регистрација на учесниците<br>Добредојде на учесниците |

| Среда, 11. ноември | | |
|---|---|---|
| 9.00 | Регистрација на учесниците | |
| 10.00 | Почеток на конференцијата<br>*Томаж Сељак* (директор на ИЗУМ)<br>Поздрав од името на организаторите<br>*Војко Волк* (Министерство за надворешни работи)<br>Словенија за приближувањето на Западниот Балкан кон ЕУ<br>*Стаменка Увалич-Трумбиќ* (УНЕСКО, Париз)<br>Нова динамика на високото образование и истражувањата за општествените промени и развој | |
| 11.00 | Панел: **Пристап до информациите за истражувачките потенцијали и резултатите на истражувачката дејност за соработка во регионот**<br>Претседавач: *Јожеф Ѓеркеш* (државен секретар, Министерство за високо образование, наука и технологија). Учествуват претставници на министерството за наука и технологија како и министрите одговорни за високото образование во државите кои досега покажале интерес за соработка во проектот COBISS.Net | |
| 13.00 | Ручек | |
| 15.00 | Панел: **Библиотечно-информациски системи за преглед на творештвото**<br>Претседава: *Мајда Ширца* (министерка за култура)<br>Учествуваат министрите за култура од државите кои досега покажале интерес за соработка во проектот COBISS.Net | Секција: **НРЕН**<br>*Томаж Калин* (самостоен советник)<br>Европска истражувачка и образовна компјутерска мрежа<br>*Марко Бонач* (директор на ARNES)<br>Академска и истражувачка мрежа на Словенија<br>Локација: сала Приол, јазик: англиски |
| 16.45 | *сер Џон Даниел* (Commonwealth of Learning, Канада)<br>Одговор на библиотечните потреби на учениците од далечина | |
| 19.00 | Концерт на групата Терафолк во салата на Унион и прием во винскиот подрум на Винаг | |

| Четврток, 12. ноември | | |
|---|---|---|
| 9.00 | *Karen Calhoun* (OCLC, ZDA)<br>Traveling Through Transitions: From Surviving to Thriving<br>*Marshall Breeding* (ZDA)<br>Next Generation User Interfaces | Работилница: **WBC-INCO.NET**<br>Интеграција на информациите за промо - ција на истражувачките и развојните потенцијали Раководител на работилни - цата: *Борис Цизељ* (директор на SBRA)<br>Локација: Кристална сала<br>Учество само со посебна покана! |
| 10.30 | Кафе-пауза | |
| 11.00 | *Мирна Вилер, Маријана Томић* (Универзитет во Задар)<br>Каталогизациските правила и практиката во регионот<br>*Примож Јужнич* (Универзитет во Љубљана)<br>Трендови на образованието за работа во информациските дејности<br>*Марта Сељак* (ИЗУМ)<br>Како да се рационализира катологизацијата и подобри функционалноста на системот COBISS.SI?<br>*Зоран Крстуловиќ* (Народна и универзитетска библиотека, Љубљана)<br>COBISS.SI и DLIB.SI за пристап до електронските извори | |
| 12.30 | Ручек | |
| 13.30 | *Весна Стевановиќ* (Народна библиотека на Србија)<br>Организација на националниот COBISS-центар во Србија<br>*Надја Д. Карачоджукова* (Национална библиотека на Бугарија), *Симона Тушек* (ИЗУМ)<br>Конверзија на каталозите на Националната библиотека на Бугарија во форматот COMARC<br>*Миро Коларич* (ИЗУМ)<br>Преминување на апликациите COBISS3<br>*Претставник на спонзорот* (АДД)<br>Модерна ИТ инфраструктура во библиотеките | |
| 15.15 | Крај на конференцијата | |
| 20.00 | Прошталнa вечера | |

Симултан превод на словенечки, англиски, босански/хрватски/српски/црногорски, бугарски, македонски и албански јазик.